СТ.бр.6/24

**Закачено на огласна табла и на веб страна на судот на ден 02-05-2024 година**

**ОСНОВНИОТ СУД КАВАДАРЦИ**, како првостепен, надлежен суд, преку стечајниот судија Елизабета Петковска , постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот Друштво за основање и користење на слободна економска зона, консултантски и менаџмент активности ДОЛИНА НА НИКЕЛОТ ДООЕЛ с. Возарци Кавадарци-во стечај со ЕМБС: 5511755 и ЕДБ: 4011001116076 по одржаната седница на Собрание на доверители на должникот а во врска со извештајот на стечајниот управник -Извештајно Собрание во присуство на стечајниот управник Христина Јоновска од Скопје и доверителите Република Северна Македонија Министерство за финансии-Управа за јавни приходи Регионална Дирекција Прилеп застапуван преку застапникот по закон Државниот Правобранител на РСМ за подрачје Кавадарци Сузана Костова Коцева од Кавадарци, Ќире Колев, Тодорчо Камчев, Јорданче Ангелов и Славчо Пешевски ,

на ден **29-04-2024** година, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**Се констатира** дека Собранието на доверители на стечајниот должник Друштво за основање и користење на слободна економска зона, консултантски и менаџмент активности ДОЛИНА НА НИКЕЛОТ ДООЕЛ с. Возарци Кавадарци-во стечај , за стечаен управник го потврди и именува лицето Христина Јоновска од Скопје именувана од страна на стечајниот судија за стечаен управник со решение СТ.бр.6/24 од 04-03-2024 година и истата останува да ги врши работите на стечаен управник.

**Се констатира** дека Собранието на доверители на стечајниот должник Друштво за основање и користење на слободна економска зона, консултантски и менаџмент активности ДОЛИНА НА НИКЕЛОТ ДООЕЛ с. Возарци Кавадарци-во стечај , донесе одлука да не се основа и формира одбор на доверители и сите одлуки да ги донесува собранието на доверители.

**Се констатира** дека Собранието на доверители на стечајниот должник Друштво за основање и користење на слободна економска зона, консултантски и менаџмент активности ДОЛИНА НА НИКЕЛОТ ДООЕЛ с. Возарци Кавадарци-во стечај , **го усвои** Извештајот на стечајниот управник Христина Јоновска од Скопје за економско финансиската состојба на должникот и за причините за таквата состојба од 18-04-2024 година.

**Се констатира** дека Собранието на доверители на стечајниот должник Друштво за основање и користење на слободна економска зона, консултантски и менаџмент активности ДОЛИНА НА НИКЕЛОТ ДООЕЛ с. Возарци Кавадарци-во стечај , одлучи деловниот потфат на стечајниот должник да биде **затворен** (ликвидиран) преку впаричување на должниковиот имот -паричните побарувања кои што должникот ги има пријавено во стечајната постапка СТ.бр.27/23 што се води во овој суд.

## О б р а з л о ж е н и е

Со решение СТ.бр.6/24 од 04-03-2024 година на Основен Суд Кавадарци отворена е стечајна постапка над должникот Друштво за основање и користење

на слободна економска зона, консултантски и менаџмент активности ДОЛИНА НА НИКЕЛОТ ДООЕЛ с. Возарци Кавадарци-во стечај .

Со решението за отворање на стечјана постапка Ст.бр.6/24 од 04-03-2024 година и објавениот оглас во Службен Весник на РСМ бр.56 од 07-03-2024 година, доверителите беа известени дека првоото извештајно собрание ќе се одржи на ден 29-04-2024 година во 10,30 часот.

Стечајниот управник објави оглас за отворање на стечајната постапка во весник Нова Македонија на ден 06-03-2024 година и во дневен весник Вечер на ден 06-03-2024 година а во дневен весник Нова Македонија објави известување на 18-04-2024 година дека Извештајот за економско финансиска состојба на должникот со почетниот стечаен биланс е депониран во стечајното досие на должникот во овој суд и дека сите доверители можат да извршат увид во стечајното досие.

Судот Извештајот го објави и на огласна табла на судот на ден 18-04-2024 година.

Пред одржување на извештајното собрание е одржано испитно рочиште на кое се утврдени побарувањата на доверителите и судот донесе решение СТ.бр.6/24 од 29-04-2024 година со кое одлучи по побарувањата на доверителите.

Стечајниот управник го достави извештајот за економско финансиската состојба на стечајниот должник до стечајниот судија , и го депонирра во стечајното досие на увид на доверителите.

Извештајот беше ставен на увид на доверителите преку стечајното досие, во роковите утврдени со закон, за депонирањето на извештајот во стечајното досие доверителите беа информирани преку известување на огласна табла на судот и со оглас објавен во дневен весник Нова Македонија од 18-04-2024 година.

Во конкретниот случај гласачките права на доверителите се утврдени пред почетокот на извештајното собраните а на првото извештајно собрание беа присутни доверители со признати и утврднеи побарува од 34,70%.

Стечајниот управник го изложи извештајот за економско финансиската состојба кај должникот и предложи деловниот потфат кај должникот да биде затворен и да се пристапи кон впаричување на имотот на стечајниот должник кој што се состои само од паричното понбарување што го има должникот од својот должник Трговско друштво заископ на руди, производство на метали, трговија и услуги ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ ДОО с. Возарци Кавадарци-во стечај над кој што е отворена стечајна постапка во овој суд и се води под СТ.бр.27/23.

Во конкретниот случај доверителите пристапија кон гласање и ги донесоа следните одлуки по овој редослед:

1. стечајниот управник именуван од стечајниот судија останува да ги врши работите на стечаен управник,

2. да не се формира и основа одбор на доверител а сите одлуки да бидат донесувани од страна на собранието на доверители,

3. деловниот потфат кај стечајниот должник се затвора и се пристапува кн впаричување на побарувањата на должникот паричните побарувања кои што должникот ги има пријавено во стечајната постапка СТ.бр.27/23 што се води во овој суд .

Сите одлуки беа донесени со процент од 100% од присутните доверители со утврдени побарувања со право на глас.

Побарувањето на стечајниот должник во отворената стечајна постапка СТ.бр.27/23 е пријавено од страна на стечајниот управник, и истото е признато во таа постапка а се очекува негова исплата согласно одредбите од Законот за стечај.

Стечајниот управник наведе дека само пријавеното побарување во висина од 10.923.549,00 денари и паричните средства затекнати на изгаснатите банкарски сметки на должникот во висина од 139.683,00 денари ја сочинуваат стелајната маса на должникот а дека должникот наме друг имот било движен било недвижен и нема и други побарувања.

Поради наведеното следуваше, Судот да одлучи како во изреката на решението а во смисла на одредбите од чл. 97 ст.5 од Законот за стечај и констатира дека се донесени сите одлуки согласно одредбите од чл.50 ст.1 од Законот за стечај

**РЕШЕНО ВО ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ:СТ.бр.6/24 од 29-04-2024 година**

Стечаен судија,
Елизабета Петковска,с.р.

**Правна поука согласно чл. 97 ст.5 од ЗС:**
Против ова решение не е дозволено
право на жалба.

**Верно со оригиналот тврди:**

**Решението да биде доставено до:**

1. Стечајниот управник Христина Јоновска од Скопје
2. сите доверители
3. Огласна табла на судот и веб страна на судот
4. Централен Регистар на РСМ Регистрациона канцеларија Велес-